МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 33 став 7 од Законот за виното („Службен весник на Република Македонија" бр. 50/2010), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ВИСИНАТА И НАЧИНОТ НА НАПЛАТА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА ФИЗИЧКО - ХЕМИСКАТА АНАЛИЗА ЗАРАДИ ДОБИВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА СТАВАЊЕ НА ВИНОТО ВО ПРОМЕТ

## Член 1

Со овој правилник се пропишува висината и начинот на наплата на трошоците за вршење на физичко-хемиската анализа заради добивање на решение за ставање на виното во промет.

## Член 2

(1) Висината на трошоците за вршење на физичко-хемиската анализа заради добивање на решение за ставање на виното во промет се определуваат врз основа на извршените лабараториски испитувања по одредени методи кои се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

(2)Трошоците од став 1 на овој член се однесуваат на физичко-хемиската анализа на една мостра заради добивање на решение за ставање на виното во промет.

## Член 3

Овластената лабораторија при прием на мострата треба да му издаде профактура на барателот за извршување на физичко-хемиската анализа заради добивање на решение за ставање на виното во промет за наплатените трошоци.

## Член 4

Барателот од членот 3 на овој правилник треба да ги уплати средствата од членот 2 на овој правилник на сметката на овластената лабораторија во рок од седум работни дена од денот на издавање на профактурата од членот 3 на овој правилник.

**Член 5**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 08-6662/3

Министер,

14 јули 2010 година

Љупчо Димовски, с.р.

Прилог I

Методи за вршење на физичко-хемиска анализа

| | |
|---|---|
| Специфична тежина 20º /20´ | 250.00 денари |
| Алкохол / дестилација и пикнометар | 650.00 денари |
| Вкупен екстракт / пикнометриски | 250.00 денари |
| Вкупни киселини / волуметриска метода | 150.00 денари |
| Испарливи киселини / метода по Ripper | 250.00 денари |
| Вкупен SO2 метода по Ripper | 250.00 денари |
| Слободен SO2 / метода по Ripper | 250.00 денари |
| Инвертен шеќер / метода по Shorl | 400.00 денари |
| Лимонска киселина /спектрофотометриска | 600.00 денари |